
ЏИХАД-ПРАВИЛЕН
ИСЛАМСКИ ПОГЛЕД
Хазрети Мирза Гулам Ахмад

# ЏИХАД

## Правилен исламски концепт

**ЏИХАД - Правилен исламски концепт**
*Македонски превод*
**JIHAD – A TRUTHFUL ISLAMIC CONCEPT**
*Macedonian translation*

**ХАЗРЕТИ МИРЗА ГУЛАМ АХМАД /**
**HAZRAT MIRZA GHULAM AHMAD**

*Преведувач / Translated by:*
Жаклина Реџовска / Žaklina Redžovska

*Прво издание/ First edition*
*Јануари 2013/January 2013*
© ISLAM INTERNATIONAL PUBLICATION LIMITED

*Издавач / Published by:*
Verlag der Islam
Genfer str. 11, 60437 Frankfurt am Main, Germany

Оваа книга можете да ја добиете на следната адреса:
Аваилабле фром тхе фоллоњинг:

Ул. „Прохор Пчински,, бр. 40
2330 Берово
Р.  Македонија

www.ahmadija.ba
www.alislam.org
email. qalamsultan@yahoo.com

بِسْمِ اللّٰهِ الرَّحْمٰنِ الرَّحِيْمِ

نَحْمَدُهٗ وَنُصَلِّيْ عَلٰى رَسُوْلِهِ الْكَرِيْمِ

اَلْحَمْدُ لِلّٰهِ رَبِّ الْعٰلَمِيْنَ۔

وَالصَّلٰوةُ وَالسَّلَامُ عَلٰى رَسُوْلِهٖ مُحَمَّدٍ وَّاٰلِهٖ وَاَصْحَابِهٖ اَجْمَعِيْنَ

**Во името на Аллах, Мислостивиот, Сомилосен**

# ЏИХАД
## Правилен исламски концепт

Концептот на џихад во исламот од неодамна стана предмет на голема полемика. Основачот на Ахмадија муслиманскиот џемаат, хазрети Мирза Гулам Ахмад од Кадијана, пред повеќе од сто години јасно изнел дека, според учењето на Чесниот Куреан и Чесниот Пратеник *(Аллахов мир и благослов на него),* користењето на сила потполно е забрането во поглед на верата. Во оваа брошура претставуваме неколку извадоци од неговите пишувања.

## Исламот е пропагиран преку своите својствени одлики

Ниту еден вистински муслиман никогаш не верувал дека исламот треба да се шири со сабја. Исламот секогаш бил пропагиран преку своите својствени одлики. Оние кои себе си се нарекуваат муслимани, а настојуваат исламот да го шират со посредство на мечот (силата) не се свесни дека нивната својствена одлика и нивното однесување личи на однесувањето на дивите ѕверови.

*(Teryaq-ul-Qubul, Ruhani Khaza'in –*
*Теруак-ул-Кубул, Рухани Кхазаеин:*
*том 15. стр. 167, 1902, белешка)*

Чесниот Куреан јасно ја забранува употребата на сила за ширење на верата и заповеда нејзино пропагирање преку својствените одлики и добриот пример на муслиманите. Немојте да бидете заведени со ставот дека на муслиаманите во почетокот им било наредено да се фатат за оружјето. Тоа оружје не било кренато за ширење на верата туку заради самоодбрана од непријателите на исламот со цел за воспоставување на мир и сигурност. Целта на неговото кревање не била во тоа да се користи принуда во работите на верата.

(*Sitarah Qeisariyyah, Ruhani Khaza'in* –
Ситарах Кеисаријјах, Рухани Кхазаеин:
том 15, стр. 120-121.1899)

## Ветениот Месија нема со сабја да се бори со неверниците

Вообичаеното учење кое го проповедаат некои од верските водачи, дека Ветениот Месија ќе се симне од небото, дека ќе се бори против неверниците, дека нема да ја прифати џизијата (такса која ја плаќаат немуслиманите) и дека ќе понуди единствен избор: смрт или ислам, потполно е погрешно. Ова учење е преполно со секакви видови на грешки и конфузии, и потполно е спротивно на Чесниот Куреан и тоа е само изум на измамниците.

(*Nur-ul-Haq, Ruhani Khaza'in* –
Нур-ул-Хак, Рухани Кхазаеин:
том 8, стр. 67, 1894)

## Концепт на џихадот

Јас веќе напишав книги на урду, пресиски и арапски јазик, во кои докажав дека популарното сфаќање на џихадот кое преовладува меѓу муслиманите, како што се очекувањата на крвожедниот Имам и мислата за зли намери кон другите, не се ништо друго туку погрешни учења кои ги подржуваат кратковидите верски водачи. Исламот, напротив, не дозволува употреба на оружје во религијата освен во случаи на одбрамбени војни, војни започнати за да се

казни зулумќарот *(крв за крв),* или оние војни чија намера е да се воспостави слобода *(да се скрши власта на оние кои ги убиваат оние кои го прифаќаат исламот).* Потреба од одбрамбена војна станува само тогаш кога агресијата се заканува да загрози нечиј живот. Освен овие три вида на џихад одобрени од Шеријатот - исламскиот закон, нема друг вид на војна која од исламот е одобрена во прилог на религијата. За да го истакнам поимот џихад, платив голема цена и ги поделив книгите во оваа земја, потоа во Арабија, Сирија, Курасан и.т.н..

(*Masih Hindustan Mein, Ruhani Khaza'in* –
Масих Хиндустан Меин, Рухани Кхазаеин:
том 15, стр. 4-5, 1908)

## Исламот не одобрува да земаме оружје како бунтовници

Исто така е важно да се запомни дека исламот одобрува подигање на оружје само како отпор на оние кои први го дигаат, и одобрува убивање само на оние кои први започнат со убивање. Исламот не пропишува муслиманите кои се подредени на немуслимански владетел кој кон нив се однесува со правда и еднаквост, дека тие треба да подигаат оружје против него како бунтовници. Според Чесниот Куреан ова е патот на лошите а не на праведните.

(*Anjam-e-Atham, Ruhani Khaza'in* –
Анјам-е-Атхам, Рухани Кхазаеин:
том 11, стр. 37, 1897)

## Ветениот Месија дојде да ја заврши војната

Учењето за џихадот како што го сфаќаат и пропагираат муслиманските верски водачи на ова доба, кои се нарекуваат маулави, потполно е неточно. Тоа не може да води кон ништо друго освен кон тоа што тие со своето продорно проповедање обичните луѓе ќе ги претворат во диви ѕверови и ќе ги лишат од сите доблести на човечките суштества; и така и се случило. Јас со сигурност знам дека товарот на гревовите на оние луѓе кои извршуваатат убиства, од незнаење или поради вакви проповедања, и кои не ја знаат причината зошто исламот морал да води битки во своите рани стадиум, лежи на вратовите на оние маулвиси кои и понатаму тајно ги пропагираат овие опасни учења, кои како последица имаат толку страшен губиток на животи . . .
Напишано е дека, кога ќе се појави Ветениот Месија, џихадот и сите војни со оружје заради религијата ќе бидат завршени, бидејќи тој нема да подигне меч, или било какво друго земско оружје. Негово единствено средство ќе бидат молитвите, и негово единствено оружје ќе биде неговата цврста одлучност. Тој ќе го

положи темелот на мирот и заедно ќе ги собере и козата и лавот. Неговото доба ќе биде доба на мирот, на добрината и на човечките симпатии. Зошто овие луѓе не размислат за фактот дека пред илјада и триста години Чесниот Пратеник с.а.в.с., во врска со Ветениот Месија рекол: вТој ќе ја заврши војната.в

(*Governement Angrezi Aur Jihad, Ruhani Khaza'in* – Говернемент Ангрези Аур Јихад, Рухани Кхазаеин: том 17, стр. 7-8, 1900)

**Хазрети Мирза Гулам Ахмад (1835-1908)**

Ветениот Месија и Ал-Мехди
Основач на Ахмадија муслиманскиот џемаат,
светски раширена муслиманска заедница

**Ветениот Месија**

Ахмадија муслимански џемаат, светски раширена заедница, е основана во 1889 година. Нејзиниот основач, хазрети Мирза Гулам Ахмад од Кадијана (Индија), тврдел дека бил Ветениот Реформатор на чие доаѓање, под различни имиња и титули, чекале приврзаници на различни религии.

Под Божјо водство, хазрети Мирза Гулам Ахмад направил револуционерно откритие дека треба да се

појави само еден ваков реформатор, чија мисија ќе треба конечно да го доведе човештвото под закрилата на една универзална религија. Покрај тоа тврдел дека Ветениот Месија, кој требало да се појави, не е во независно својство, туку е подреден на Чесниот Пратеник на исламот, Хазрети Мухаммед Мустафа с.а.в.с.. најавил дека, неговото доаѓање конечно ќе го зацрта златното доба на една универзална религија за која човештвото со векови сонувало и копнеело.

***Пријатели! Напуштете ги сега мислите за џихадскотое војување;***

***сега е забрането да се оди во војна во името на верата.***

***Месијата, правиот предводник на верата дошол;***

***сега е крај на сите војни на насилство за верата.***

***Божјото светло сега се спушта од небесата;***

***Напразно е сега да се дава проглас за борба и војување.***

***Мухаммед с.а.в.с. избраниот пратеник јасно тврдел:***

***Кога ќе се случи второто доаѓање на Исаа, тој ќе го сопре војувањето.***

(*Tiryaq-ul-Qulub, Ruhani Khaza'in* –
Тируак-ул-Кулуб, Рухани Кхазаеин:
том 17, стр. 77, 1902)

***Драги мои! Начиот да ѝ помогнете на верата е сосема поинаков!***

***Не да го извадите мечот ако некој не се согласува!***

***Зошто треба да замавнете со мечот за да ѝ помогнете на својата вера?***

***Она што преживува на крв не може да биде вера.***

(*Tiryaq-ul-Qulub, Ruhani Khaza'in* – Тируак-ул-Кулуб, Рухани Кхазаеин: том 15, стр. 132, 1902)